Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП
Бр 04-371/3
19 08 2026 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за работни односи, член 76-ѓ,77-г од Законот за култура, („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18, а согласно со годишниот план за вработување на Установата за 2026 г., бр. бр 03-317/1 од 18.08.2025 година, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, распишува:

ЈАВЕН ОГЛАС
за вработување на 1 (едно) лице на неопределено време

1. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, распишува јавен оглас за вработување на 1 (едно) лице на неопределено време.

1. **КУЛ 03 04 Д03 003 Конзерватор,** еден (1) извршител.

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- - да е полнолетен,
- - да има општа здравствена способност за работното место,
- - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен- Високо – Инженерство и технологија-Друго инженерство и технологија (Архитектура)
- со или без работно искуство

Распоред на работно време

- - **Работни денови** понеделник-петок
- - **Работни часови неделно** 40
- - **Работно време од** 08:00 **до** 16:00

Паричен нето износ на плата: 54.611,00 денари

Кандидатите за вработување се пријвуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место.

Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во НУ Завод и Музеј- Прилеп или на web – страната на институцијата https://muzejprilep.org.mk

Кон пријавата треба да се достави: кратка биографија,диплома/уверение за завршено образование, државјанство (не постаро од 6 месеци), доказ дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци), доказ за општа здравствена способност за работното место (не постаро од 6 месеци).Истите да бидат во оригинал или заверени на нотар.

2. Огласот трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.
3. Постапката за вработување се врши преку административна селекција за проверка на веродостојност на доказите и интервју.
4. Кандидатите, Пријавите со потребните документи да ги достават во архивата на НУ Завод и Музеј - Прилеп најдоцна до 16,00 часот последниот ден од огласот или преку пошта на адреса: ул. „Александар Македонски" бр. 400, Прилеп.
5. Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.
6. Кандидатите кои ќе продолжат во понатамошните фази при селекцијата за вработување ќе бидат известени на нивните емаил адреси или на нивниот контакт телефон.

НУ Завод за заштита на спомениците
на културата и Музеј - Прилеп